РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
-ГРАДОНАЧАЛНИК-
Бр. 0902-331
03.07.2026 год.

**Градоначалник на Општина Свети Николе**
тел:+ 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911
e-mail: info@svetinikole.gov.mk
www.svetinikole.gov.mk

**До**
**Министерство за локална самоуправа**
- **Државен инспекторат за локална самоуправа**
**Ул.,,Димитар Влахов,, б.б. зграда 3, влез 1, кат 12,**
**Македонска радио телевизија**
**1000 Скопје**

Почитувани,

Врз основа на член 71 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/2002) и (,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) во прилог на дописот ви доставуваме (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 10/2026) во кој се објавени прописите донесени на петнаесеттата редовна седница на Совет на Општина Свети Николе, одржана на ден 01.07.2026 година.

**Со почит,**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник**
**Дејан Владев**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
"СОВЕТ НА ОПШТИНА"
Бр. 0801-331
01.07-2026 год.
СВЕТИ НИКОЛЕ

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ



| Службен гласник на Општина Свети Николе | 01.07. 2026 година ден месец година Свети Николе | ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА Трезорска сметка 100000000063010 Буџетски корисник 7630140762- 630-10 |
|---|---|---|
| Излегува по потреба | Број 10 | |



Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за утврдување на висината на износот на бесплатниот превоз за учениците во основните училишта на територијата на општина Свети Николе за учебната 2026/2027 година бр.0801-324 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 01.07. 2026 година.

**Бр. 0901-330**
**01.07. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 22-б од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 67/22, 170/24, 3/25, 17/25 и 101/25) и член 73 ст.5 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25,50/25 и 111/26) Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 01.07. 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на висината на износот на бесплатниот превоз за учениците во основните училишта на територијата на општина Свети Николе за учебната 2026/2027 година**

## Член 1

Висината на бесплатниот превоз на учениците од чл.73 ст.1 и 2 од Законот за основно образование се утврдува во следните износи по релации:

За ООУ "Свети Кирил и Методиј" Свети Николе:
1.-с.Стањевци-с.Долно Гуганци, с.Долно Гуганци-Свети Николе и обратно -
---------------- 900 ден по ученик

2.с.Кнежје –Свети Николе и обратно -----------450 ден по ученик
3.Свети Николе-Свети Николе и обратно --------- 500 ден по ученик

За ООУ "Гоце Делчев" Свети Николе :

1.с.Црнилиште-Свети Николе и обратно ----------350 ден по ученик
2.с.Кадрифаково –Свети Николе и обратно -------700 ден по ученик
3.с.Амзабегово –Свети Николе и обратно ---------350 ден по ученик
4.с.Сопот-с.Горобинци и обратно -------------400 ден по ученик
5.с.Ранченци -Свети Николе и обратно --------- 1000 ден по ученик

За ООУ "Даме Груев" с.Ерџелија Свети Николе :

1.с.Амзабегово-с.Ерџелија и обратно ---------- 250 ден по ученик
2.с.Мустафино –с.Ерџелија и обратно --------- 260 ден по ученик
3.с.Кадрифаково –с.Ерџелија и обратно -----------280 ден по ученик
4.с.Пеширово –с.Ерџелија и обратно ------------ 250 ден по ученик

Право на бесплатен превоз имаат лицата на кои местото на живеење е оддалечено најмалку два километри од најблиското основно училиште и на лицата со попреченост и лицата за нивна придружба без оглед на оддалеченоста и пристапноста на нивното место на живеење до основното училиште.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Бр. 0801 - 324**
**01.07. 2026 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

## З А К Л У Ч О К

За објавување на Одлука за утврдување на висината на износот на бесплатниот превоз за учениците во средното општинско училиште на територијата на општина Свети Николе за учебната 2026/2027 година на бр.0801-325 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 01.07. 2026 година.

**Бр. 0901-330/2**
**01.07. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 22-б од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 67/22, 170/24, 3/25, 17/25 и 101/25) и член 41-а од Законот за средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 44/95, 24/96…64/18 и Службен весник на Република Северна Македонија" бр.229/20,78/25,132/25 и 250/25) ,Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 01.07.2026 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на висината на износот на бесплатниот превоз за учениците во средното општинско училиште на територијата на општина Свети Николе за учебната 2026/2027 година**

**Член 1**

Висината на бесплатниот превоз на учениците од чл.41-а од Законот за средно образование се утврдува во следните износи по релации:

За СОУ "Кочо Рацин" Свети Николе:

1.с.Кадрифаково-Свети Николе и обратно----------600 ден по ученик
2. Штип–Свети Николе –Штип ----------1500 ден по ученик
3.с.Црнилиште-Свети Николе и обратно --------- 400 ден по ученик
4.с.Д.Гуганци- Свети Николе и обратно --------- 900 ден по ученик
5.с.Амзабегово-Свети Николе и обратно ---------- 350 ден по ученик
6.с.Пеширово-Свети Николе и обратно ---------- 350 ден по ученик
7.с.Мустафино-Свети Николе и обратно ---------- 400 ден по ученик
8.с.Трстеник-Свети Николе и обратно ---------- 250 ден по ученик
9.с.Ерџелија-Свети Николе и обратно ----------250 ден по ученик
10.с Кнежје-Свети Николе и обратно ----------450 ден по ученик

Право на бесплатен превоз имаат лицата на кои местото на живеење е оддалечено најмалку 2,5 километри од средното училиште во кое ученикот е запишан.Ученикот со попреченост и лицето за негова придружба имаат право на бесплатен разумно прилагоден превоз без оглед на оддалеченоста на нивното место на живеење до јавното средно училиште во кое ученикот е запишан и ја посетува наставата.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Бр. 0801 - 325**
**01.07 . 2026 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2026 година на бр.0801-326 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 01.07. 2026 година.

**Бр. 0901-330/3**
**01.07. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25), и член 36 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 01.07.2026 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2026 година**

**Член 1**

**Советот на Општина Свети Николе донесе Одлука за дополнување** на Годишната програма за изработка на урбанистички планови на Општина Свети Николе за 2026 година бр.0801-112 од 26.12.2025 година со следниве урбанистички планови и плански документациии:

**ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН**

| ред. бр. | Наслов на урбанистички план | површина |
|---|---|---|
| 1 | Детален урбанистички план за дел од УЕ5, дел од УБ 19, плански опфат 19.2, КО Свети Николе, Општина Свети Николе | 6.65 ха |
| 2 | Детален урбанистички план за дел од УЕ1, дел од УБ 2, плански опфат 2.1, КО Свети Николе, Општина Свети Николе | 10.79 ха |
| 3 | Детален урбанистички план за дел од УЕ1, дел од УБ 3, плански опфат 3.4, КО Свети Николе, Општина Свети Николе | 9.09 ха |
| 4 | Детален урбанистички план за дел од УЕ2, дел од УБ 4, плански опфат 4.6, КО Свети Николе, Општина Свети Николе | 6.08 ха |
| 5 | Детален урбанистички план за дел од УЕ4, дел од УБ 13, плански опфат 13.4, КО Свети Николе, Општина Свети Николе | 6.07 ха |

**УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ**

| ред. бр. | Наслов на урбанистички план | површина |
|---|---|---|
| 1 | Урбанистичкистички проект за стопански и индустриски намени со намена Г2.10 - други преработувачки и производствени индустрии со помалку загадувачки процеси, на КП 8183/1, КП 8184/1 и КП 8184/2, КО Свети Николе, Општина Свети Николе | 0,28 ха |

**Член 2**

Оваа програма влегува во сила од денот на објавување во Службен гласник на општина Свети Николе.

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**

**Оливера Арсов с.р.**

**бр. 0801- 326**
**01.07.2026 година**
**Свети Николе**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на плата на давателите на јавни услуги и директорот на Ј.О.У.Д.Г. Рахилка Гонева – Свети Николе за 2026 година на бр.0801-327 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 01.07. 2026 година.

**Бр. 0901-330/4**
**01.07. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), и член 166-з од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 , 236/22,17/25,132/25 и 125/26 ),Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 01.07.2026 година, донесе:

**Одлука**
**за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на плата на давателите на јавни услуги и директорот на ЈОУДГ „Рахилка Гонева "Свети Николе за 2026 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на плата на давателите на јавни услуги и директорот на ЈОУДГ „Рахилка Гонева" Свети Николе за 2026 година се утврдува во износ од 81,6 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Свети Николе"

**Бр. 0801- 327**
**01.07. 2026 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за усвојување на Годишен план за вработување на Општинска Установа Дом на култура „Крсте Мисирков„ Свети Николе за 2027 година бр.0801-328 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 01.07. 2026 година.

**Бр. 0901-330/5**
**01.07. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ„ бр.202/24 ), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 01. 07. 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен план за вработување на Општинска Установа Дом на култура „Крсте Мисирков„ Свети Николе за 2027 година**

1.Се усвојува Годишниот план за вработување на Општинска Установа Дом на култура „Крсте Мисирков „ Свети Николе за 2027 година, донесен со Одлука бр.02-97/7 од 22.06. 2026 година од Управниот Одбор на Општинска Установа Дом на култура „Крсте Мисирков „ Свети Николе.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр.0801 - 328**
**01.07. 2026 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Оливера Арсов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ бр. 202/24„) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за НЕ усвојување на Годишен план за вработување на Општинска Установа Дом на култура „Крсте Мисирков„ Свети Николе за 2027 година бр.0801-329 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 01.07. 2026 година.

**Бр. 0901-330/6**
**01.07. 2026 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02 и „Службен Весник на РСМ„ бр.202/24, член 5 и член 20-б од Закон за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ„ бр.27/14, 199/14,27/16,35/18,198/18 и “Службен весник на РСМ” бр.143/19,14/20, 208/24 и 210/24), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 01.07. 2026 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**За НЕ ДАВАЊЕ согласност на Годишен план за вработување на ЗЈП Стационар – ШЕПА Кавадарци за 2027 год.**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе НЕ даде согласност на Годишен план за вработување на ЗЈП Стационар – ШЕПА Кавадарци за 2027 година донесена на седница на Совет на Општина Свети Николе на 01.07. 2026 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во  сила со денот на објавување  во ,,Службен Гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр.0801 - 329**
**01. 07. 2026 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател**
**Оливера Арсов с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А


1. Одлука за утврдување на висината на износот на бесплатниот превоз за учениците во основните училишта на територијата на општина Свети Николе за учебната 2026/2027 година;

2. Одлука за утврдување на висината на износот на бесплатниот превоз за учениците во средното општинско училиште на територијата на општина Свети Николе за учебната 2026/2027 година;

3. Одлука за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2026 година;

4. Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на плата на давателите на јавни услуги и директорот на Ј.О.У.Д.Г. Рахилка Гонева – Свети Николе за 2026 година;

5. Годишен план за вработување на Општинска Установа Дом на култура ,,Крсте Мисирков,, Свети Николе за 2027 година;

6. Годишен план за вработување на ЗЈП ,,Стационар ШЕПА,, Кавадарци за 2027 година;


**Бр. 0801 - 331**
**01.07. 2026 година**
**Свети Николе**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СОВЕТ НА ОПШТИНА * ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ